Уп. Бр. 08-59/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **Мондштајн 511. ГмбХ** (Mondstein 511. GmbH), со регистрирано седиште на Инзелкамерштрасе 10, 82008 Унтерхахинг, Минхен, Германија, преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден **28.03.2024** година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото **Мондштајн 511. ГмбХ** (Mondstein 511. GmbH), со регистрирано седиште на Инзелкамерштрасе 10, 82008 Унтерхахинг, Минхен, Германија стекналое контрола над **алфер-алуминиум ГмбХ** (alfer-aluminium GmbH), со регистрирано седиште на Индустриаштрасе 7, 79793 Вутушинген, Германија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица  значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 05.03.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна **Мондштајн 511. ГмбХ** (Mondstein 511. GmbH), со регистрирано седиште на Инзелкамерштрасе 10, 82008 Унтерхахинг, Минхен, Германија**,** со која **Мондштајн 511. ГмбХ,** стекнале контрола над **алфер-алуминиум ГмбХ** (alfer-aluminium GmbH), со регистрирано седиште на Индустриаштрасе 7, 79793 Вутушинген, Германија. Контролата, се стекнува преку внесување на основна главнина во процес на реструктуирање при инсолвентност.
Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополна и

прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Мондштајн 511. ГмбХ** е друштво со ограничена одговорност основано во мај 2023 година како друштво со посебна намена, без историја на остварена продажба/активности во меѓувреме. Мондштајн е во сопственост на СОЛ-Драј ЕуВЕКА ГмбХ & Ко КГ (SOL-Drei EuVECA GmbH & Co KG; „**СОЛ-Драј**"), приватен капитален фонд. . СОЛ-Драј ЕуВЕКА ГмбХ & Ко КГ е трета генерација на фондови на СОЛ Капитал Менаџмент кои инвестираат во пресврти во деловното работење на компании, комплексни издвојувања и други специјални ситуации во DACH регионот (Германија, Австрија и Швајцарија).

Мондштајн е под крајна контрола и управувано од СОЛ Капитал Менаџмент ГмбХ (SOL Capital Management GmbH), со регистрирана адреса на Мулвалдплатц 3/Топ 9, 1040 Виена, Австрија.

СОЛ Капитал Менаџмент ГмбХ со неговите фондови нуди поддршка на друштва преку решенија за следбеништво, реструктуирање и одржлив развој, со обезбедување на средства за основна главнина и експертиза за реструктуирање за пресврти и развој на друштва со цел остварување на атрактивни приноси за инвеститорите. Од 2000 година, менаџерскиот тим на СОЛ Капитал Менаџмент ГмбХ е активен во Австрија, Германија и Швајцарија.

Пред спроведувањето на Трансакцијата, СОЛ Капитал Менаџмент ГмбХ нема регистрирано присуство во Северна Македонија и нема остварено било какви (директни или индиректни) локални приходи.

**алфер-алуминиум ГмбХ** има седиште во Германија (Вутушинген) и развива, произведува и продава профили и полупроизводи од алуминиум, не'рѓосувачки челик и пластика претежно во Европа. Алфер произведува во своето седиште во Вутушинген и во фабрика за производство во Северна Македонија. Продажбата се извршува од Германија, но и преку друштва за продажба во Франција, Италија и Австрија.

Алфер има регистрирано присуство во Северна Македонија преку неговото зависно друштво во целосна сопственост **ФЕРАЛ Механика ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Перо Наков бр. 144, 1000 Скопје, Република Северна Македонија **ФЕРАЛ Механика ДООЕЛ Скопје** произведува широка палета на производи, како што се:

- Алати: полупроизводи, шипки со метрички навој, листови итн.;
- Градежни материјали: суви градежни профили, плинтуси и профили за поставување на подни облоги како паркет, ламинат, плочки и ПВЦ; и
- Ред и складирање: куки, шини итн.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**